МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Клинички центар Љубљана
# Едукација

**Назив на ЈЗУ:** Општа болница Охрид

**Назив на институција каде е одржана обуката:** Клинички Центар Љубљана- Инфективна клиника (09.05.2016-28.05.2016)

**Име и презиме на лицето испратено на обука:** Зорица Марковска Јованоска

**Датум на презентација:** 08.06.2016



Универзитетски Медицински Центар во Љубљана е институција за јавно здравје кој врши здравствена дејност на секундарно и терциерно ниво, како и образовни и истражувачки активности. Тој е најголема здравствена установа во Словенија и една од најголемите во Средна Европа. На крајот на 2013та година УКЦ има повеќе од 7700 вработени и 2200 болнички кревети. УКЦ Љублана е формирана 1975 година. Во 2011 е изведена прва операција на која асистирал робот на одделот на кардиоваскуларна хирургија.

Клиниката на инфективни болести и фебрилни состојби функционира како посебен објект во кругот на УКЦ , која е поврзана со подземни ходници со сите останати клиники и објекти во рамките на УКЦ. Се состои од три спрата:

- Оддел за деца
- Оддел за возрасни
- Респираторен центар за интензивна нега
- Дневна болница
- Административно-санитарен оддел

Располага со 140 болнички кревети, од кои 54 на детски оддел, 76 на одделот за возрасни и 10 на интензивниот оддел. Има висок процент (над 90%) искористеност на болничкиот капацитет.

Амбулантско поликлинички дел се состои од 4 амбуланти:

- Ургентна за деца
- Ургентна за возрасни
- Амбуланта за крвно преносливи болести (хепатитиси и ХИВ)
- Амбуланта за еритеми (лајмборелиоза-која е ендемска за ова подрачје)



Сет за хигиена

Има сопствена биохемиска лабораторија со современа и софистицирана дијагностика.



Сет за терапија

Постои одлична тимска соработка, со високо поставена професиооналност од една страна и крајно релаксирана атмосфера во секој сегмент од нивната комуникација. Односот медицинска сестра-пациент е на високо ниво, отворен и со заемно почитување и респект.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА




При приемот на Инфективна Клиника секој пациент добива брошура со болнички информатор, кој ги содржи сите податоци за клиниката, хоспиталните  права на однесување на медицинскиот персонал, но и на пациентите. Пациентот потпишува согласност за хоспитализација и анкетен лист за впечатокот и задоволството за време на престојот на клиниката.

Во текот на моето присуство бевме ангажирани во: делење на парентерална, инхалациона, per-os терапија, начинот на администрација, земање на крв за лабораториски анализи, земање на артериска крв, поставување венски катетер, присуствувавме на бронхоскопија.

Постои одлична организација на персоналот на инфективно одделение кој работи тимски,  со голема професионалност околу здравствената нега на пациентите. Исто така персоналот располага со многу медицински материјал потребен за подобрување на квалитетот во работата. Хигиената е на високо ниво. Посветуваат големо внимание на дезинфекција на раце и заштитни одела. Пред и во секоја соба на секој болнички кревет имаат поставено мали канистри со дезинфекциони средства кои персоналот ги користи пред и после секоја медицинска интервенција за да се заштити себе и пациентите од инфективни заболувања.



Сестринска просторија за спремање терапија


Селекција на чист и нечист веш

Медицинските сестри со високо образование се задолжени да присуствуваат на лекарска визита, да вадат крв и да делат парентерална терапија.

Мединцинските сестри со средно образование ја вршат целокупната нега на пациентите, мерат витални параметри и делат per-os терапија.

Транспортниот работник врши транспорт на крвта на пациентите од одделот до лаборатории и другите оддели, а резултатите пристигнуваат компјутерски. Постои мрежна поврзаност со клиничка биохемиска лабораторија, микробиологија, рендгенологија.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Заклучок:

Ми беше голема чест и задоволство за укажаната можност да присуствувам и учествувам во работењето на една ваква реномирана болница, каде се стекнав со нови, позитивни искуства, кои во рамките на моите можности ќе ги применам во мојот професионален ангажман во нашата болница.

Благодарам до Министерство за здравство за овозможената едукација во УКЦ Љубљана.